Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 07-242/20
29 09 20 11 год.
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

од 51-та седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на 29.08.2011 година со почеток во 15:00 часот, во просториите на Општина Аеродром

Присутни :
- претседателот на Советот- Виктор Камилоски
-советниците:

1. Зоран Никчевски
2. Гоце Трпковски
3. Синиша Стојаноски
4 Перица Голомеиќ
5. Бојан Савески
6. Весна Босиљанова
7. Весна Ангелевска
8. Пане Антовски
9. Гордана Богичевиќ
10 Мирослав Недески
11. Зоран Милошевиќ
12. Александар Стојчевски
13. Наташа Марковска-Василевска
14. Диме Велковски
15. Марија Митаноска
16. Драгана Букилица
17. Ивана Јаргиќ
18. Мелина Голубовска
19. Зоран Атанасов
20. Златко Марин
21. Александар Тодоровски
22. Линдита Атанасова
23. Сашо Петковски
24. Магдалена Андева

Отсутни се Слободан Дончевски и Драган Николовски.

Присутни се претставници од општинската администрација и овластено лице од градоначалникот.

Претседателот отвори расправа по записникот од 50 седница и бидејќи никој не се јави за збор го стави записникот на гласање.

**ГЛАСАА: ЗА – 16 советници ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Се констатира дека записникот од 50 седница на Советот е усвоен.

Претседателот го стави дневниот ред на гласање.

**ГЛАСАА: ЗА – 14 советници ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Дневниот ред е усвоен.

Претседателот премина на **првата точка**- Предлог-Одлука за давање согласност на Договор за инвестирање во изградба на повеќенаменски спортски игралишта во Општина Аеродром.

Никој од советниците не побара збор и претседателот ја стави на гласање.

**ГЛАСАА: ЗА – 15 советници ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Се констатира дека одлуката е усвоена.

Се премина на **втората точка** - Предлог – Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на повеќенаменски спортски игралишта на локалитет ул.Васко Карангелески-крак бб ДУП Јане Сандански УЕ Г, КП 44 КО Кисела Вода 2.

Претседателот ја стави Предлог-Одлуката на гласање.

**ГЛАСАА: ЗА – 14 советници ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Се констатира дека Одлуката е усвоена.

**Третата точка-** Предлог-Одлука за измена и дополна на Одлуката за одобрување на исплата на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачје на Општина Аеродром, од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на РМ, со одложено плаќање.

Никој не се јави за збор и претседателот ја стави одлуката на гласање.

**ГЛАСАА: ЗА – 15 советници ПРОТИВ –нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Се констатира дека Предлог одлуката е усвоена.

Се отвори расправа по **четвртата точка** од дневниот ред - Предлог – Одлука за донесување на изменување и дополнување Детален урбанистички план за локалитет Јане Сандански Урбана единица Г.

Објаснување по однос на деталниот план даде Биљана Кокаровска, воедно даде и одговори на прашањата поставени од страна на советниците Зоран Атанасов и Сашо Петковски.

**ГЛАСАА: ЗА – 15 советници ПРОТИВ –нема ВОЗДРЖАНИ- нема**

Се констатира дека Одлуката е усвоена.

По исцрпување на дневниот ред претседателот ја затвори педесет и првата седница на Советот на Општина Аеродром.

Изготвил
Ана Карајанова-Димитрушева

Претседател на Советот
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски